| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сценарио за час** | | | **Предмет: Граѓанско образование за VIIодд** | | |
| **Тема: ЕТИКА И РЕЛИГИЈА** | | | **Второ поглавје: Религијата денес** | | |
| **Наставна единица: Улогата на религијата во животот на луѓето** | | | | | |
| **Изготвил:** **др. Пеце Трифуновски** | | | | | |
| **Адаптирал:** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| (религии: христијанство, ислам, јудаизам, хиндуизам, будизам; религиска припадност: верски објекти: свештеници: реинкарнација, задгробен живот; правото на религиска слобода и слобода на уверување; меѓурелигискиот дијалог) | - Ја објаснува улогата на религијата како извор на утеха и смисла на животот.<br>- Го објаснува влијанието на религијата врз моралните вредности и однесувања. | 1<br>Ноември | **Воведни активности:**<br>Наставникот поставува прашање: Што значи религијата за нив? (се мисли за секој ученик/ученичка)<br>Временска рамка: околу 5мин.<br>**Главна активност**<br>Наставникот по дадените одговори од учениците прави поврзување на истите, се отвора дискусија за тоа како учениците гледаат на религијата, односно што е слично, што е различно во одговорите.<br>Потоа наставникот прави корелација со наставниот предмет Историја.<br>Како првите луѓе гледале на религијата што значела таа за нив. Па се оди на следната фаза- многубоштво во античките цивилизации, па до монотеизам.<br>Се разгледува како религијата секогаш се поврзува со смислата на животот и како секоја религија влијае врз моралните вредности и однесувања на луѓето.<br>Временска рамка: околу 25мин.<br>**Завршна активност**<br>Наставникот уште еднаш ја потенцира поврзаноста на религијата со смислата на животот и како секоја религија влијае врз моралните вредности и однесувања на луѓето.<br>Временска рамка: околу 5мин.<br>**Рефлексија:**<br>Повторување на градивото од тековниот час. Усни одговори од страна на учениците за прашањата поставени од наставникот.<br>Временска рамка: околу 5мин. | Учебник<br>Дигитални паметни (смарт) уреди<br>Енциклопедии, речници<br>Списанија, весници, интернет-портали, социјални мрежи<br>компјутер, ЛЦД проектор<br>Аудиовизуелни снимени содржини, апликации, прилагодени на возраста | Усни одговори на прашања<br>Учество во активностите<br>Придонес во активностите<br>Извршување на поставените задачи<br>Писмени одговори во наставен лист<br>Практична изведба |

resursi.literatura.mk